**20141384307**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3 а во врска со член 54 став 1 точка 8 на Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014 и 97/2014), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 18 јули 2014 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ПАКЕТИТЕ НА ЗАВРШЕНИ ЕПИЗОДИ НА ЛЕКУВАЊЕ ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО – КОНСУЛТАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА – АМБУЛАНТСКИ

Член 1

Во Одлуката за утврдување на референтни цени за пакетите на завршени епизоди на лекување за специјалистичко – консултативната здравствена заштита – амбулантски („Службен весник на Република Македонија” број 44/2010, 58/2010, 92/2010, 105/2010, 122/2010, 154/2010, 171/2010, 33/2011, 99/2011, 181/2011, 138/2012, 88/2013, 10/2014, 47/2014 и 98/2014), во членот 2, во табелата со поднаслов – „Пакети на здравствени услуги за дерматологија“, по услугата АДМ13 се додава следната табела:

| Шифра | Вид на здравствена услуга | Референтна цена |
|---|---|---|
| АДМ14 | Склерозација на вени и капилари, инцизија на тромби | 1.000 |
| АДМ15 | МЕД тест со УВ фототерапија на цело тело (тест на одредување на минимална еритемна доза) | 5.000 |
| АДМ16 | 20 ПУВА на цело тело | 4.000 |
| АДМ17 | МЕД тест (тест на одредување на минимална еритемна доза) | 800 |
| АДМ18 | Поединечна УВБ или ПУВА фотоекспозиција до 4 сеанси | 800 |
| АДМ19 | Поединечна УВБ или ПУВА фотоекспозиција до 8 сеанси | 1.600 |
| АДМ20 | Photopatch тест | 1.100 |

Називот на услугата АНМ17 се менува и гласи: „Проширен пакет со 2 неврофизиолошки процедури или ЕМГ или ЕЕГ по депривација на спиење“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-12384/7
24 јули 2014 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Елена Трпковска,** с.р.